# КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИЈА ЗА АКАДЕМСКИ СТУДИИ ОД ВТОР ЦИКЛУС ВО ГРЦИЈА ЗА АКАДЕМСКАТА 2019/2020 ГОДИНА

**Компанијата ОКТА АД - Скопје заедно со Хеленик Петролеум Групацијата доделува стипендија за Постдипломски студии по Енергетика: стратегија, право и економија на Универзитетот во Пиреја (https://www.des.unipi.gr/applications/node/1)**

Ова е првата Магистерска програма во Југоисточна Европа и една од само неколку во Европа, посветена исклучиво на Енергетска стратегија, право и економија. Програмата на постдипломските студии се изучува на англиски јазик и се одвива во два семестри. Потоа студентите работат на својот магистерски труд. Предавањата започнуваат на есен и ќе се одвиваат во период од по 11 недели во секој семестар. Предавањата се одржуваат во петок навечер и во сабота.

## I.УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈАТА

Право на стипендија има кандидатот кој ги исполнува следните услови:

1. Да има завршено академски студии од прв циклус на: Технолошко-металуршки факултет, Природно-математички факултет, Факултет за електротехника и информациски технологии, Машински факултет, Економски факултет, Правен факултет. Се прифаќаат апликации од студенти кои очекуваат да ги завршат додипломските студии до септември 2019 година;
2. Да има доказ за активно познавање на англиски јазик (препорачани сертификати: TOEFL и IELTS);
3. Да не е корисник на стипендија од други даватели;
4. Да е државјанин на Република Северна Македонија.

Кандидатот ќе биде избран од страна на факултетот, а селекцијата ќе се врши по строги критериуми врз основа на академски успех, професионално искуство, странски јазици, професионални перспективи, итн.

## II. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

1. Пријава (формулар достапен на интернет страната на Факултетот);
2. Копија од диплома за завршени академски студии од прв циклус и уверение за постигнат успех (преведени на англиски јазик од овластен судски преведувач). Доставувањето курикулум со опис на положените предмети е добредојдено;
3. Две препораки на англиски јазик од професори и/или работодавци;
4. Уверение за активно познавање Англиски јазик (препорачани сертификати: TOEFL и IELTS);
5. Две нови фотографии.

## III. ВИСИНА НА СТИПЕНДИЈА

Стипендијата ги покрива трошоците за школарина, како и трошоци за живот во висина од 1.000 евра месечно.

## IV. РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Рокот за пријавување на кандидатите за користење на академската стипендија за студии од втор циклус на Универзитетот во Пиреја е **најдоцна до 31.05.2019 година**.

По поднесувањето на онлајн апликацијата, треба да ја испечатите, потпишете и испратите потврдата што ќе ја добиете на email заедно со сите потребни документи за аплицирање на следната адреса:
**Master Program in Energy: Strategy, Law & Economics University of Piraeus, Department of International and European Studies. 80 Karaoli & Dimitriou str., PC 185 34, Piraeus.**

**Откако апликацијата ќе биде испратена по пошта, Ве молиме да нѐ информирате за истото на следнава е-маил адреса: mtrajanovski@helpe.gr**

Контакт лице за дополнителни информации:
**Мирко Трајановски +389 2 2532 565, email: mtrajanovski@helpe.gr**